Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ“ бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) в.в член 18 точка 2 став 2 и член 27 став 1 алинеја 1 од Статутот на Комората на извршители на Република Македонија, Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 213-та седница одржана на ден 15.02.2021 година усвои

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-103/11
15.02.2021 год.
СКОПЈЕ

**Правилник за работа на Комисија за односи со јавност на Комората на извршители на Република Северна Македонија**

I. Цели и задачи на Комисијата за односи со јавност на Комората на извршители на Република Северна Македонија и начин на соработка со медиумите и Комората на извршители на Република Северна Македонија

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот на комуникација на Комората на извршители на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Комората) преку Комисијата за односи со јавност на Комората (во понатамошниот текст Комисијата) со медиумите и јавноста.

Член 2

Комисијата носи Годишна Програма за работа, која ја усвојува Управниот одбор на Комората.
Комисијата самостојно донесува одлуки за темите кои ќе бидат обработени во интерес на јавноста.
Комисијата одлучува за списокот на поканети гости кои ќе учествуваат на настаните организирани од Комисијата, а списокот на поканети гости го одобрува Претседателот на Комората.
Комисијата одлучува за датумот, часот, објектот и локацијата на одржување на настаните.
Комисијата одлучува за учество на надворешни излагачи на настаните, листата на излагачи ја одобрува Претседателот на Комората на извршители.

Член 3

Комисијата ќе соработува со јавноста и медиумите на начин што:

- Ќе изработува и дава соопштенија за јавност и истите ќе се објавуваат на веб сајтот на Комората www.kirm.mk, по претходно одобрување од Претседателот на Комората;
- Ќе дава изјави и интервјуа кои се однесуваат на работењето и функционирањето на извршителската дејност;

- Ќе организира посебни настани како работилници,семинари, обуки и слично на теми од областа на извршувањето;
- Ќе одржуваат брифинзи за новинарите на теми од областа на извршувањето;
- Ќе одржуваат конференции за медиумите;
- Ќе учествуваат на јавни дебати по покана од медиуми;
- Ќе организираат тркалезни маси со новинари и медиуми согласно потребите.

Член 4

Комисијата ќе соработува со органите на Комората на начин што:

- Комисијата е должна да го известува Управниот одбор и Претседателот на Комората за настаните кои ги организира и за содржината на информациите кои ќе ги пренесува;
- Комисијата е должна преку Секретарот на комисијата да доставува извештај до сите извршители за настаните кои ќе ги организира како и за темите кои ќе бидат обработени.

Сите одлуки кои се во врска со делокругот на работењето на Комисијата а се донесени од органите на Комората, задолжително се доставуваат до Комисијата.

Сите органи и тела на Комората треба постојано да ја известуваат Комисијата за својата работа и активности, а по потреба и да и даваат конкретни податоци и инфомрации – секоја во рамките на својот делокруг на работа, а се со цел Комисијата благовремено, точно и аргументирано да настапува кон медиумите и останатите институции.

II. Организација на Комисијата за односи со јавност на Комората

Член 5

Комисијата избира Претседател на Комисијата од редот на членовите.
Претседателот на Комисијата ќе биде гласноговорник на Комората.
Стручната служба на Комората обезбедува логистичка подршка на Комисијата со просторни услови во Комората, организира настани во соработка со Претседателот на Комисијата, испраќа покани на гости и предавачи, го организира престојот за време на настаните во соодветен објект, се грижи и го организира транспортот на учесниците, се грижи за располагање со готовински средства, се грижи за премот на влезна фактури за трошоци, нивна достава до Претседателот на Комората заради одобрување и плаќање.
Комисијата избира Секретар на Комисијата од редот на вработените во Комората, кој што го одобрува Претседателот на Комората.
Секретарот е должен да постапува по напатствија на Претседателот на Комисијата а особено:

- да води листа на поканети и пристигнати гости;
- да води евиденција за поканети и пристигнати членови на Комората на извршители на настаните;
- изработува извештај за потрошени средства за настаните и го доставува до Управниот одбор на Комората.

Член 6

Комората се грижи да излегува (да се објавува) подлистокот “Правда”. Во подлистокот ќе се обработуваат теми од интерес на извршувањето, промоција и заштита на правата на граѓаните и принципот на владеење на правото.

Во подлистокот се објавуваат текстови составени од извршители или поканети автори на текстови, еминентни правници, судии, професори, новинари и други работници кои можат да допринесат во остварувањето на целите од ставот 1 од овој член.

Уредувањето на подлистокот, избор на темите, редакција на текстовите и комуницирање со поканетите автори го врши секретарот на Комората. Пред објавувањето на секој текст истиот се доставува до Претседателот на Комората заради одобрување.

III.Преодни и завршни одредби

Член 7

Овој Правилник стапува во сила осмиот ден од денот на негово објавување на веб страницата на Комората.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски